


*Аптив Македонија е компанија која развива напредни технологии во автомобилскиот сектор кои овозможуваат сигурно управување со возилото, технологии незагадувачки за околината и технологии кои се поврзани со околината.*

Аптив Македонија е во потрага по студенти кои не поставуваат граници туку имаат желба за придонес да го направат светот подобро место за живеење. Во тимот на Аптив Македонија ќе се запознаете со високите технолошки процеси, ќе бидете вклучени во решавање на проблемите и постојано подобрување на процесите

Ве охрабруваме да аплицирате за стипендијата **Питер Гросман 2023**

**Стипендијата Питер Гросман ви овозможува:**

- Стипендирање во период од 6 месеци во 2023 година
- Практична работа во период од три месеци
- Можност за професионално усовршување во производниот, инженерскиот процес и делот за квалитет и логистика
- Запознавање со индустријата и процесите кои се одвиваат во неа
- Работа во тим во динамична атмосфера
- Работа на проекти заедно со ментор
- Можност за подготовка на дипломски труд
- Континуиран процес на учење за време на цела пракса
- Обезбеден превоз и храна за целото времетраење на праксата

**Право на стипендија Питер Гросман**:
Имаат студентите од III/IV година на Машински Факултет, Факултет за електротехника и информациски технологии или Факултет за Информатички Науки и Компјутерско Инженерство и кои ги исполнуваат следните услови:

- да се редовни студенти
- да не повторувале година во текот на студирањето
- да не се корисници на стипендија од други установи, институции или компании
- да се државјани на Република Македонија

Доколку сте заинтересирани за можноста, Ве молиме да се пријавите со поднесување на Ваша биографија (CV) на следнава електронска адреса aptiv.hr.macedonia.staffing@aptiv.com
Во предметот на пораката наведете: Апликација за стипендија Питер Гросман
Краен рок за аплицирање е **18.03.2023**.

Да дознаете повеќе за Аптив посетете ја страната **aptiv.com**

Само селектираните студенти ќе бидат повикани на интервју.

Сите пристигнати биографии ќе се третираат со максимална доверливост.
Со испраќањето на Вашата кратка биографија и писмо за мотивација, Согласни сте Вашите лични податоци да бидат обработени за потребите на регрутација и селекција од страна на Аптив Македонија и истите да бидат зачувани во дата базата на Аптив.
*Напомена: Кандидатите можат во секое време да ја повлечат согласноста за обработка на нивната кратка биографија преку испраќање на известување на електронската пошта: **aptiv.hr.macedonia.staffing@aptiv.com**